Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2019 година**

**Скопје, ноември 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември 2019 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, како и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, м-р Роберт Алаѓозовски Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 159 - та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14.10.2019 година, во Битола
- Усвојување на Записникот од 160 - та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22.10.2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за Платформата за работа на делегацијата на Република Северна Македонија на 40. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, со Предлог-платформа

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс - договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер Скопје“ ДООЕЛ Скопје заведен кај закуподавачот под бр.09-817/1 од 23.5.2019 година, со усогласениот текст на Анекс - договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно

земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер Скопје“ ДООЕЛ Скопје заведен кај закуподавачот под бр.09-817/1 од 23.5.2019 година

2. Информација за потребата од донесување Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

3. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри „Еуродизел БС“ гориво, 500.000 килограми мазут М-1 и 20.000 литри екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на „Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ)-Транспорт“ АД - Скопје, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Дојран“

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Општа болница Велес

6. Предлог-програма за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година

7. Предлог-програма за изменување на Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија за 2019 година

8. Информација за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, со Предлог-програма

9. Иницијатива за прифаќање на исплатениот паричен надомест на четворица припадници на безбедносните сили на Република Северна Македонија како справедлив надомест на нематеријална штета, со Предлог-одлука

10. Барање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

11. Барање за согласност на Листа за дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран, со Предлог-листа

б) економски систем и тековна економска политика

12. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2019 година

13. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки

14. Информација за продажба на движна ствар, со Предлог-одлука

15. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година

16. Информација со Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Присад, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Караорман вон - г.р., Општина Штип, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш, КО Ново Село Штип, КО Ново Село, КО Лесковица, КО Суво Грло, КО Лакавица, КО Селце, КО Долани, КО Драгоево, КО Софилари, Општина Штип и КО Радовиш-вон г.р., КО Ињево-вон г.р., КО Прналија, КО Тополница и КО Дамјан, Општина Радовиш, со Предлог-одлука

20. Информација за привремено давање на дивечот во ловиштата „Главовица" во ловен реон Кочани и „Каменица" во ловен реон Делчево, на одгледување и заштита на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - Скопје, со предлог-одлуки

21. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец Беџет Барије Исламоска с.Канатларци, Прилеп, со Предлог-одлука

22. Информација за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп со непосредна спогодба со Трговското друштво за земјоделие и лозарство „М - Шест Аграр“ ДООЕЛ Скопје

23. Информација за давање на управување на Државното ловиште „Трубарево“ - Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Шумарски факултет - Скопје, со Предлог-решение

24. Информација за координација на активностите за изработка на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија и усвојување на „Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023“, со Акциски план

25. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука

26. Информација во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат „Силекс“ АД - Кратово, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе на Рударско индустриски комбинат „Силекс“ АД - Кратово, со Предлог-одлука

28. Информација за формирање Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/2019), со Предлог-решение

29. Информација, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Голема река 2“ слив на Голема река

30. Информација за депонирање на комунален отпад од општините Крива Паланка и Кратово, на депонијата „Краста“ во Општина Куманово до

изградбата и пуштањето во употреба на претоварната станица во Општина Ранковце и за покривање на дополнителните трошоци за оваа активност од националниот буџет, со текст на Меморандум

**в) политички систем**

31. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права

32. Информација за правосилност на пресуда на Европскиот суд за човекови права за случајот Анастасов против Република Северна Македонија, А.бр.46082/14, со Предлог-одлука

33. Информација за учество на Република Северна Македонија во „EuroHPC JU" организацијата

34. Информација за подготовка на Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 26 и 27 ноември 2019 година во Скопје, со прилози

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

35. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2019 година

36. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје за 2017 година

37. Информација за прогресот на активностите за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија

38. Информација за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство

39. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, транспорт и услуги „„Грееенго 2018" ДОО увоз - извоз с. Драслајца - Струга за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

40. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Пхарма ЕУ ЛЛЦ“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола - Подружница „Пхарма ЕУ ЛЛЦ“ Прилеп за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

41. Информација за воведување на сеопфатно сексуално образование во основното образование

42. Информација за интервентно згрижување на бездомни лица затекнати на локација под Кале во објекти на установи за социјална заштита

43. Информација во врска со изготвувањето на Предлог-националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, со текст на Национална стратегија и Акциски план за спроведување за 2020 - 2022 година

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

44. Предлог-одлука за укинување на царинската стапка за живо јагне

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба

### б) политички систем

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

### в) човечки ресурси и одржлив развој

48. Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

51. Предлог-решение за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

52. Предлог-закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесен од група пратеници

53. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година

54. Барање за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), поднесено од пратеникот Хари Локвенец

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

55. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.124/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.52/2015), поднесена од Игорчо Точев од Кочани

56. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 174 ставови 8 и 9 и член 176 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018), поднесена од Ѓорѓи Илиевски од Скопје

57. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.134/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 16 алинеја 4 од Законот за просветната инспекција

58. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.127/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 229 став 1 во делот „на лиценца", член 229 став 8 во делот „ставот (1) на" и на член 231 став 16 во делот „за користење и располагање со стварите на државните органи" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 37/2016, 20/2019, 101/2019, 153/2019 и 180/2019), поднесена од Игорчо Точев од Кочани

59. Иницијатива од адвокат Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.137/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18) и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката“, како и став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19)

60. Понуда од Нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111593 за КО Центар 1 на КП бр. 10912/4 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111583 КО Центар 1 на КП бр. 10913/6 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111594 КО Центар 1 на КП бр. 10903/2 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111580 КО Центар 1 на КП бр. 10910/7 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111589 КО Центар 1 на КП бр. 10904/2 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111584 КО Центар на КП бр. 10902/2 викани место М.Т. Гологанов

61. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/1, КП бр. 10911/3, КП бр. 10911/5, КП бр. 10911/7, КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111582 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/31 и КП бр. 10310/12 и КП бр. 10310/10 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111593 за КО Центар 1 на КП бр. 10912/5 и КП бр. 10912/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111584 за КО Центар 1 на КП бр. 10902/3 и КП бр. 10902/4, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/8, КП бр. 10913/10, КП бр.10913/12 И КП бр.10913/14 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/1, КП бр. 10914/4 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111580 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/9 викано место И.Р.Лола

62. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Цнетар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано мсто И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.

111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р.Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2

63. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.531 за КО Трубарево на КП бр.322 викано место/улица Шамак Чукар и Имотен лист бр.45296 за КО Трубарево на КП бр.323 викано место/улица Шамак Чукар

64. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1150 КО Драчево 2 на КП бр.10661 на место викано Драчево

**д) други предлози**

65. Информација за прифаќање на организирањето и спроведувањето на НАТО ЕАРДЦЦ вежба во Република Северна Македонија

66. Информација за опфатот, содржина и структура, како и процесот на изработка на „Процена на загрозеност на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности“ во рамки на Системот за управување со кризи

67. Кадровски прашања

68. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

69. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот

70. Тримесечен извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД за периодот април - јуни 2019 година

71. Извештај за реализација на Програмата за 2018 година на Национална установа Конзерваторски центар - Скопје и Известувањето за текот и степенот на реализација на Програмата за 2019 година на Национална установа Конзерваторски центар - Скопје

72. Извештај за работата на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за период 1.7.2019 година - 30.9.2019 година

73. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈПВ „Лисиче“ - Велес (јули - септември 2019 година)

74. Информација за воведување на информациски систем за управување со енергијата - ЕМИС, за периодот до 30.9.2019 година

75. Информација за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период до 30.9.2019 година

76. Информација за реконструкција на железничка пруга Ногаевци - Неготино, за период до 30.9.2019 година

77. Информација за изградба на пруга Куманово- Бељаковце, за период до 30.9.2019 година

78. Информација за изградба на пруга Бељаковце - Крива Паланка за периодот до 30.9.2019 година

79. Информација за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, за период до 30.9.2019 година

80. Информација за напредокот на Проектот Изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за период до 30.9.2019 година

81. Годишниот извештај за реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година

82. Информација за спроведување на Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, со Акциски план

83. Информација за текот и прогресот на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема за потребите

на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија

84. Информација за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот

85. Информација од Четвртиот состанок на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Северна Македонија

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

86. Информација за одобрување на финансиски средства на Општина Ѓорче Петров од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука

87. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје

88. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово

89. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово

90. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница

91. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Босилово

92. Предлог-програма за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година

93. Барање за давање на автентично толкување на член 104 став (2) точка 3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016

и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019, 153/2019 и 180/2019), поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ

94. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

95. Информација за задолжување на Република Северна Македонија на домашниот финансиски пазар за рефинансирање на дел од долгорочен кредит кој доспева во јануари 2020 година

96. Информација со Предлог-одлука за купување и адаптација на простор во новото седиште на НАТО во Брисел за потребите на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО

97. Информација за подготовки на Четвртиот министерски форум за културна соработка меѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа (17+1), во Скопје од 24 до 26 ноември 2019 година, со текст на Скопската декларација и План за културна соработка

98. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Северна Македонија

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 159-та и 160-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 14.10.2019 година и 22.10.2019 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за Платформата за работа на делегацијата на Република Северна Македонија на 40. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, со Предлог-платформа**

Владата ја разгледа Информацијата за Платформата за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 40 сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, со текст на Платформа за работа на Делегацијата и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за Платформата за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 40 сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција.

2. Ја усвои Платформата за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 40 сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлуката за давање на согласност на Анекс - договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер" Скопје ДООЕЛ Скопје заведен кај закуподавачот под бр.09-817/1 од 23.5.2019 година, со усогласениот текст на Анекс - договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер" Скопје ДООЕЛ Скопје заведен кај закуподавачот под бр.09-817/1 од 23.5.2019 година заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс - договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер Скопје" ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-817/1 од 23.5.2019 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

Точка 3

Владата во врска со Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри „Еуродизел БС“ гориво, 500.000 килограми мазут М-1 и 20.000 литри екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на „Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт“ АД - Скопје, со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи акцизата и данокот на додадена вредност, за отстапеното гориво да паднат на товар на „Железници на Република Северна Македонија Транспорт“ АД - Скопје.

Точка 4

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Дојран“, во предложениот текст.

Точка 5

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Општа болница Велес, во предложениот текст.

Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година, во предложениот текст.

Точка 7

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2019 година, со заклучок Агенцијата за храна и ветеринарство текстот на Програмата да го усогласи со Министерството за финансии.

Точка 9

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата за прифаќање на исплатениот паричен надомест на четворица припадници на безбедносните сили на Република Северна Македонија како справедлив надомест на нематеријална штета, со Предлог-одлука.

Точка 10

Владата го одложи разгледувањето на Барањето согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Општина Чаир врз основа на член 85 од Законот за градежно земјиште преку електронскиот портал www.gradezno-zemjiste.mk да поднесе соодветно барање до Министерството за транспорт и врски.

Точка 11

Владата го разгледа Барањето за согласност на Листа за дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран, со Предлог-листа (нов текст) и даде согласност на Листата за дополнување на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран.

Точка 12

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2019 година, за наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 6 ноември (среда) 2019 година.

Точка 13

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки, во предложениот текст.

Точка 14

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за продажба на движна ствар, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за финансии да го усогласи текстот на одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, Министерството за финансии на седницата на Владата да информира дали возилото било осигурено.

## Точка 15

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за водостопанство да ја преоцени динамиката на реализицијата на обврските преземени со склучување на договорите за изведба и надзор на капиталните објекти, да утврди нова, ажурирана динамика за исплата и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена.

3. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да достави Информација со Предлог-одлука со која ќе се уреди реализација на проектите од мерките 321, 322 и 323 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година доставени по Јавен повик 02/2018, како и да се достави динамика на очекувано извршување на мерките по години, во рок од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерството за финансии во рок од 30 дена да ја разгледаат можноста за обезбедување на дополнителни финансиски средства во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Присад, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Присад, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Караорман вон - г.р., Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Караорман вон - г.р., Општина Штип, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш, КО Ново Село Штип, КО Ново Село, КО Лесковица, КО Суво Грло, КО Лакавица, КО Селце, КО Долани, КО Драгоево, КО Софилари, Општина Штип и КО Радовиш-вон г.р., КО Ињево-вон г.р., КО Прналија, КО Тополница и КО Дамјан, Општина Радовиш, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш, КО Ново Село Штип, КО Ново Село, КО Лесковица, КО Суво Грло, КО Лакавица, КО Селце, КО Долани, КО Драгоево, КО Софилари, Општина Штип и КО Радовиш-вон г.р., КО Ињево-вон г.р., КО Прналија, КО Тополница и КО Дамјан, Општина Радовиш, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за привремено давање на дивечот во ловиштата „Главовица“ во ловен реон Кочани и „Каменица“ во ловен реон Делчево, на одгледување и заштита на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за привремено давање на дивечот на одгледување и заштита во ловиштето бр.2 „Главовица“ ловен реон Кочани на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за привремено давање на дивечот на одгледување и заштита во ловиштето бр.1 „Каменица“ ловен реон Делчево на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец Беќет Барије Исламоска с.Канатларци, Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување

на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп со непосредна спогодба со Трговското друштво за земјоделие и лозарство М - Шест Аграр ДООЕЛ Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на управување на Државното ловиште „Трубарево" - Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Шумарски факултет - Скопје, со Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за давање на управување на Државното ловиште „Трубарево", во предложениот текст.

2. Се задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на Владата на Република Северна Македонија да склучи Договор за управување со државното ловиште „Трубарево" - Скопје со Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Шумарски факултет во Скопје по донесување на новото Решение за давање на управување на државното ловиште „Трубарево".

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за координација на активностите за изработка на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија и усвојување на „Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023", со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и усвои како стратешки документ најновиот текст на „Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023", со Акциски план.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за локална самоуправа и им се препорачува на Заедницата на единиците на локална самоуправа, да доставаат извештај за реализирани

мерки и активности врз аснова на „Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023" со Акциски план, најдоцна до 30.11.2019 година.

3. Се задолжува Министерството за економија да ја информира Владата за текот на реализација на „Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023" и Акцискиот план, еднаш годишно, најдоцна до крајот на годината.

## Точка 25

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија" Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за економија да го усогласи текстот на одлуката со Секретаријатот за законодавство и да достави Потврда за платени јавни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи за Друштвото за градежништво Трибеко ГРУП ДОО СКОПЈЕ.

Исто така, во информацијата да се коригира делот на чија територија ќе се врши концесиската дејност наместо Општина Ранковце да биде Општина Ѓорче Петров.

## Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв" Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат Силекс АД - Кратово, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

## Точка 27

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв" Општина Кратово, Општина Пробиштип и Општина Свети Николе на Рударско индустриски комбинат „Силекс" АД - Кратово, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за формирање Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/2019), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање да достават номинации на лица за членови и нивни заменици во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Голема река 2“ слив на Голема река, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа „Голема река 2“ слив на Голема река, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за депонирање на комунален отпад од општините Крива Паланка и Кратово, на депонијата „Краста“ во Општина Куманово до изградбата и пуштањето во употреба на претоварната станица во Општина Ранковце и за покривање на дополнителните трошоци за оваа активност од националниот буџет, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство да подготви текст на заеднички договор согласно член 46 став (8) од Законот за управување со отпад и член 79 од Законот за локалната самоуправа, имајќи предвид дека Меморандумот за соработка нема обврзувачки карактер, а со истиот во конкретниот случај се предвидува за соработката да се обезбедат финасиски средства за покривање на трошоците за транспорт на комуналниот отпад од страна на Владата.

2. Го определи министерот за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише договорот за соработка за координирање на работите поврзани со транспорт на отпад од општините Крива Паланка, Куманово и Кратово до депонијата „Краста“ во Куманово во периодот до изградбата и пуштањето во употреба на претоварната станица во Општина Ранковце.

3. Се препорачува на општините Крива Паланка, Куманово и Кратово да го потпишат договорот за соработка за координирање на работите поврзани со транспорт на отпад од

општините Крива Паланка, Куманово и Кратово до депонијата „Краста“ во Куманово во периодот до изградбата и пуштањето во употреба на претоварната станица во Општина Ранковце.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рамки на одобрениот буџет за 2020 година да ги обезбеди потребните финансиски средства за покривање на дополнителните трошоци што произлегуваат од промената на локацијата за времено депонирање од постојната депонија во Општина Ранковце на постојната депонија на Општина Куманово.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави детална пресметка на вкупните дополнителни трошоци, по издавањето на Решението за надоместок за движење на тешки товарни возила од страна на Општина Куманово.

## Точка 31

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истиот со Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресуда на Европскиот суд за човекови права за случајот Анастасов против Република Северна Македонија, А.бр.46082/14, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Северна Македонија во „EuroHPC JU“ организацијата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначуваат проф. д-р Боро Јакимовски, професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - ФИНКИ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за национален претставник во управното тело на „EuroHPC“ и проф. д-р Анастас Мишев, професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - ФИНКИ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за заменик - национален претставник во управното тело на „EuroHPC“.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од пет дена во име на Владата на Република Северна Македонија да испрати писмо за прием на Република Северна Македонија во „EuroHPC“.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од пет дена по прифаќањето на барањето за учество да го номинира Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - ФИНКИ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како носител на Центарот за компетенции за процесирање со високи перформанси, преку мандатно писмо.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 26 и 27 ноември 2019 година во Скопје, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се назначува Светлана Влаховиќ-Димановска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи, за претседавач на Поткомитетот за правда и внатрешни работи.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали од институциите согласно областите опфатени со Поткомитетот за правда и внатрешни работи да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 5 ноември 2019 година.

3. Се овластува претседавачот на Поткомитетот за правда и внатрешни работи Светлана Влаховиќ-Димановска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи во соработка со Секретаријатот за европски прашања да го утврди составот на делегацијата која ќе учествува на состанокот на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 26 и 27 ноември 2019 година во Скопје, најдоцна до 15 ноември 2019 година.

## Точка 35

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од

Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје за 2017 година, поради потребата Министерството за здравство и Министерството за финансии да извршат дополнителни усогласувања по материјалот.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за здравство за шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија.

**Точка 38**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство, за наредната седница што ќе се одржи на 6 ноември (среда) 2019 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, транспорт и услуги Грееенго 2018 ДОО увоз - извоз с.Драслајца-Струга за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги ГРЕЕЕНГО 2018 ДОО увоз - извоз с.Драслајца-Струга, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Пхарма ЕУ ЛЛЦ“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола - Подружница „Пхарма ЕУ ЛЛЦ Прилеп“ за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Пхарма ЕУ ЛЛЦ“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола - Подружница „Пхарма ЕУ ЛЛЦ Прилеп“, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување на сеопфатно сексуално образование во основното образование, го усвои со тоа што во насловот и во текстот на Информацијата да се додаде дека пилот - проектот ќе се спроведува во 9-то одделение и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието да ги спроведе активностите согласно Стратешкиот и Финансискиот план кој е составен дел на оваа информација и да подготви Извештај за натамошно имплементирање на препораките од Проектот и да го достави до Министерството за образование и наука, најдоцна до септември 2021 година.

2. Пред отпочнување на пилот - проектот, Министерството за образование и наука да ја информира Владата во кои четири училишта ќе се спроведува пилот - проектот.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за интервентно згрижување на бездомни лица затекнати на локација под Кале во објекти на установи за социјална заштита и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, да обезбеди сместување на затекнатите лица под Кале согласно мапирањето на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, во објекти што ги користи ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП 1062 и КП 1063 евидентирани во пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари), со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, врз основа на претходна согласност на лицето, во период од една година, кој период претходно да биде определен, односно од кога до кога да биде обезбедено сместувањето на лицата затекнати под Кале.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до крајот на ноември 2019 година, да подготви и до Владата да достави информација за можноста да се дислоцираат лицата кои се бесправно сместени под Кале, спроти салата МЗТ и кај Стаклара, со Предлог-решение за истото.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во насока предвидените активности да се реализираат во рамки на обезбедените средства.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изготвувањето на Предлог-националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, со текст на

Национална стратегија и Акциски план за спроведување за 2020 - 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, со Акциски план за спроведување за 2020-2022 година, со заклучок Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги вгради забелешките изнесени во мислењата на Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, со Акциски план за спроведување за 2020-2022 година, согласно член 184 од Деловникот на Собранието, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, за негово запознавање.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, а за повереници Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка, Тања Чачарова - Илиевска, посебен советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за правда и Фатмир Битиќи, посебен советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на Рамковниот договор.

## Точка 44

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за укинување на царинската стапка за живо јагне поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа.

**Точка 52**

Владата не расправаше по Предлог-законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесен од група пратеници.

**Точка 53**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Во Годишниот извештај се дава преглед на состојбата со правата на децата и детското престапништво на Република Македонија во 2018 година, постигнатиот напредок во однос

на препораките од претходниот извештај, клучните предизвици и насоки за нивно надминување. Во Извештајот се содржани податоци за остварување на правата на децата, нивната заштита и реализираните превентивни мерки од страна на институциите.

На втората страна од Извештајот, во реченицата „бројот на задржани деца во полициска станица во 2018 година бележи зголемување за 10% во однос на 2017 година, а едновремено загрижува податокот дека само 36% од децата оствариле право на бранител", зборовите „во полициска станица" да се заменат со зборовите „кои по било кој основ биле повикани во полициска станица".

На страна 14 од Извештајот, во петтата алинеја, по зборот „дете" да се додадат зборовите „во Центрите за социјална работа".

Во однос на останатиот текст од Годишниот извештај Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

**Точка 54**

Владата врз основа на Известувањето на Собранието на Република Северна Македонија го симна од Дневен ред Барањето за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 13/2016, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019), поднесено од пратеникот Хари Локвенец.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.124/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.52/2015), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите во Иницијативата подносителот на Иницијативата предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2015) и притоа наведува дека одредбата од член 74 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 78/2015), според која законска одредба со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014 и 180/2014) и истата може да доведе до заблуда во примена на правото, односно нормите што не е во согласност со начелото на владеење на правото пропишано со Уставот на Република Северна Македонија.

Поднесената Иницијатива не содржи елементи за поведување на постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис во смисла на членот 15 од Деловникот за работа на Уставниот суд на Република Македонија, односно не содржи конкретна одредба или одредби што се оспоруваат, причини за нивно оспорување и одредби од Уставот, односно законот што се повредуваат со конкретниот акт, односно се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија предметната Иницијатива да ја отфрли како неоснована со оглед дека не ги содржи елементите на Иницијативата предвидени во членот 15 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Притоа се укажува по однос на претходно изнесеното Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги има во предвид одредбите на член 16 ставови 1 и 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

## Точка 56

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 174 ставови 8 и 9 и член 176 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018), поднесена од Ѓорѓи Илиевски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 174 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018):

„(1) Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето.

(2) Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање со заснованиот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон и колективен договор.

(3) Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа.

(4) Лицата кои се во работен однос во јавна здравствена установа, а се избрани во наставно-научно, научно и наставно звање односно во соработничко звање на јавна високообразовна установа, вршат и високообразовна дејност на јавна високообразовна установа.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, лицата од ставовите (3) и (4) на овој член високо-образовната, научноистражувачката и здравствената дејност ја вршат како неделива функционална целина со поделба на работното време во двете установи.

(6) Условите и начинот според кои лицата од ставовите (3), (4) и (5) на овој член вршат здравствена, односно високообразовна и научноистражувачка дејност, се уредуваат со спогодба меѓу јавната високообразовна и јавната здравствена установа, во согласност со закон.

(7) Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа.

(8) При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.

(9) Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.

Согласно член 176 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018):

„(1) Најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на уметнички или стручен соработник.

(2) При изборот од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од овој закон за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања од член 172 од овој закон.

(3) Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.“

Законодавецот, водејќи се од член 89 став 5 од Уставот на Република Северна Македонија, кој уредува дека функцијата претседател на Владата и министер е неспојлива со вршење на други јавни функции или професии и имајќи ја во предвид одредбата од членот 151 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна

Македонија" бр. 110/2019), уредил дека на лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата, доколку е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавачот.

Но, законодавецот ценејќи ја специфичноста на потребата од постојано стручно усовршување на лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, со оглед на брзиот развој на науката и технологијата, дозволил при мирувањето на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, да има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии, без финансиски надомест. Со самото тоа што на лицето му мирува работниот однос, односно лицето не е во работен однос во високообразовната/научната установа, ниту пак му се исплаќа плата или било каква друга финансиска надомест, не се врши повреда на членот член 89 став 5 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, бидејќи лицето не е во работен однос во високообразовната/научната установа, не може да се смета дека обавува друга јавна дејност или професија, туку целта на законодавецот била, за периодот на вршењето на функцијата претседател на Владата и министер, лицето на кое му мирува работниот однос да остане во контакт со својата основна наставно - научна професија на високообразовната/научната установа и да ги следи новите научни достигнувања во својата област, за по престанокот на вршењето на политичката функција, да може квалитетно да се вклучи во вршењето на наставно-научната дејност.

Исто така, не постои уставна повреда на членот 89 став 5 од Уставот на Република Северна Македонија ниту со одредбата од член 176 став (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), односно одредбата која регулира дека времето за распишување на конкурсот за избор во сите звања се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи. Ова од причини што, доколку лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, а на кое му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата, вршел високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест, истото лице го остварил временскиот период потребен за избор во исто или повисоко звање.

Следствено наведеното се смета дека со член 174 ставови (8) и (9) и член 176 став (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018) не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната иницијатива.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.134/2019 за поведување на

постапка за оценување на уставноста на член 16 алинеја 4 од Законот за просветната инспекција и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 5-а став 2 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018), директорот ја донесува годишната програма за работа на инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, односно забелешки во рокот утврден со закон.

Со оваа одредба од законот се утврдува крајниот рок за донесување на годишната програма за работа на инспекторатот, од страна на директорот односно раководниот државен службеник за инспекцискиот надзор чиј рок на донесување овој пат е врзано со кумулативен услов, и тоа по добивање на согласност од страна на Инспекцискиот совет, (со утврден рок од седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет) односно доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, односно забелешки во рокот утврден со закон (со утврден рок најдоцна до 10 декември во тековната година).

Согласно член 16 алинеја 4 од Закон за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018), 06/11/2019), директорот на Државниот просветен инспекторат донесува годишна програма за работа на Инспекторатот најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

Исто така и со оваа одредба од законот се утврдува крајниот рок за донесување на годишната програма за работа на инспекторатот, утврден најдоцна до 31 декември во тековната година, што претставува должност на директорот на Државниот просветен инспекторат, односно раководниот државен службеник за инспекцискиот надзор од член 5 од овој закон.

Врз основа на погоре наведеното и со двете одредби од законот се уредува рокот за донесување на годишната програма за работа на инспекторатот, и тоа со член 5-а став 2 од законот „во рок од седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, односно забелешки во рокот утврден со закон" и со член 16 алинеја 4 од законот „најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година".

Со оглед дека овие законски одредби се јасни и недвосмислени и не доведуваат до заблуда при нивната примена за оние кои ги применуваат, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 16 алинеја 4 од Законот за просветната инспекција поднесена од Игорчо Точев од Кочани.

## Точка 58

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.127/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 229 став 1 во делот „на лиценца", член 229 став 8 во делот „ставот (1) на" и на член 231 став 16 во делот „за користење и располагање со стварите на државните органи" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 37/2016, 20/2019, 101/2019, 153/2019 и 180/2019), поднесена од Игорчо Точев од Кочани, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 6.11.2019 година (среда).

## Точка 59

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од адвокат Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.137/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.83/18) и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката", како и став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019) за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 6 ноември 2019 година (среда) поради потребата Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство да достават обединето (заедничко) мислење по истата.

## Точка 60

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111593 за КО Центар 1 на КП бр. 10912/4 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111583 КО Центар 1 на КП бр. 10913/6 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111594 КО Центар 1 на КП бр. 10903/2 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111580 КО Центар 1 на КП бр. 10910/7 викано место И.Р. Лола, Имотен лист бр. 111589 КО Центар 1 на КП бр. 10904/2 викано место М.Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111584 КО Центар на КП бр. 10902/2 викани место М.Т. Гологанов и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 61

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/1, КП бр. 10911/3, КП бр. 10911/5, КП бр. 10911/7, КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111582 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/31 и КП бр. 10310/12 и КП бр. 10310/10 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111593 за КО Центар 1 на КП бр. 10912/5 и КП бр. 10912/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111584 за КО Центар 1 на КП бр. 10902/3 и КП бр. 10902/4, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/8, КП бр. 10913/10, КП

бр.10913/12 И КП бр.10913/14 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/1, КП бр. 10914/4 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111580 за КО Центар 1 на КП бр. 10910/9 викано место И.Р.Лола и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 62

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Цнетар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано мсто И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р.Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2, за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 6 ноември 2019 година, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.531 за КО Трубарево на КП бр.322 викано место/улица Шамак Чукар и Имотен лист бр.45296 за КО Трубарево на КП бр.323 викано место/улица Шамак Чукар и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 64

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1150 КО Драчево 2 на КП бр.10661 на место викано Драчево и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за прифаќање на организирањето и спроведувањето на НАТО ЕАРДЦЦ вежба во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати организирањето и спроведувањето на NATO - EADRCC вежбата.

2. Се определува ко - директорот на NATO SPS - NICS за Република Северна Македонија д-р Урим Вејсели - раководител на Сектор за меѓународна соработка во Центарот за управување со кризи за директор на вежбата.

3. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во соработка со NATO - EADRCC да подготви и до Владата да достави меморандум за разбирање/соработка со правните, финансиските и практичните аранжмани помеѓу Република Северна Македонија и NATO - EADRCC.

4. Се задолжува Центарот за управување со кризи да формира координативен тим од Република Северна Македонија кој заедно со NATO - EADRCC ќе пристапи кон организирање и спроведување на вежбата со претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана - Армија на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за надворешни работи, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

5. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана - Армија на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за надворешни работи, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Црвениот крст на Република Северна Македонија да номинираат свои претставници до Центарот за управување со кризи во рок од седум дена.

6. Се задолжува д-р Урим Вејсели - раководител на Сектор за меѓународна соработка во Центарот за управување со кризи во својство на директор на вежбата од Република Северна Македонија да поднесува извештај за напредокот за организирање и спроведување на вежбата до Управувачкиот комитет на Владата на секои три месеци.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за опфатот, содржина и структура, како и процесот на изработка на „Процена на загрозеност на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности“ во рамки на Системот за управување со кризи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја разгледа и усвои Процената на загрозеност на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи да формира меѓуресорска работна група со претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за

животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за заштита и спасување, со задача да изработи предлог до Владините тела (Група за процена и Управувачки комитет) за определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои ќе им се доставува целосна или извод од Процената, во рок од три месеци.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за заштита и спасување до Центарот за управување со кризи да номинираат член и заменик - член за меѓуресорската работна група за имплементација на заклучокот број 2.

## Точка 67

1. Владата ја отповика Марија Талаја од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје.

1.1. Владата го избра Младен Стојаноски за член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје.

2. Владата го именува Башким Хасани за вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, му утврди коефициент за пресметување на плата и му утврди зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

3. Владата го именува Љупчо Јаневски, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, за директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата на Берат Дехари по престанок на функцијата заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 6.10.2019 година до 6.10.2020 година.

5. Владата го разреши Насер Муареми од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, на негово барање.
5.1. Владата го именува Нусрет Гани за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

6. Владата го разреши Беким Кчику од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски"-Скопје.

6.1. Владата го именува Мевљуд Бислим за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“-Скопје.

7. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост Скопје, за член на Управниот одбор на Друштвото да го избере Фатмир Лимани.

8. Владата констатира дека на 161-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2019 година, во точка 69. Кадровски прашања во доставениот Предлог, под точка 2, направена е техничка грешка, односно наместо:

„За член на Одборот на директори на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост да го избере, Зоран Патриков“, да биде:

„За член на Одборот на директори на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост да го избере Зоран Ристов“.

## Точка 68

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 28 октомври 2019 година до 3 ноември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата по повод одржувањето на НАТО лидерската средба во Лондон, Велика Британија и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за сместување и за локалниот транспорт (од хотелот на сместување до локацијата каде што ќе се одржува НАТО лидерската средба) на претставниците на националните медиуми.

**3.** Владата, на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања заклучи да се измени/дополни Одлуката за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта, донесена на 5 октомври 2016 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија“ 186/16 со тоа што во членот 1 ќе се додаде нова алинеја 48 - улицата Булевар „Видое Смилевски Бато“, Општина Тетово, во должина од 3790 метри.

Согласно ова, се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги

врши Јавното претпријатие за државни патишта, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 69**

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за планирање на просторот да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД за периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за 2018 година на Национална установа Конзерваторски центар - Скопје и Известувањето за текот и степенот на реализација на Програмата за 2019 година на Национална установа Конзерваторски центар - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за период 1.7.2019 година - 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено Владата му препорача на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип согласно мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање да преземе мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈПВ „Лисиче“ - Велес (јули - септември 2019 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање му препорача на ЈПВ „Лисиче“ - Велес да преземе мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата, како и да го има предвид негативното мислење на Министерството за финансии.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на информациски систем за управување со енергијата - ЕМИС, за периодот до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на железничка пруга Ногаевци - Неготино, за период до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, за период до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изградба на пруга Бељаковце - Крива Паланка за периодот до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, за период до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на Проектот Изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за период до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема за потребите на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи обврската на Министерството за здравство да ја информира Владата за текот и прогресот на горенаведената јавна набавка, согласно Заклучокот донесен по точка 48 од 96-та седница на Владата, одржана на 22.10.2018 година, со оглед дека целата набавка е завршена.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата од Четвртиот состанок на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Општина Ѓорче Петров од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје и условно ја усвои, доколку до потпишување Министерството за финансии достави позитивно Мислење, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019, 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје, во вкупна вредност од 149.962.954,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање по времени ситуации - месечно во период од четири години со следнава динамика:

- 2.000.000,00 денари во 2019 година,
- 42.988.886,00 денари во 2020 година,
- 59.985.182,00 денари во 2021 година и
- 44.988.886,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги предвиди во буџетските циркулари за наредните години, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготвување на буџетите на Република Северна Македонија за 2020, 2021 и 2022 година.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово и условно ја усвои, доколку до потпишување Министерството за финансии достави позитивно Мислење, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово, во вкупна вредност од 11.500.000,00 денари без ДДВ со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 1.000.000,00 денари во 2019 година и
- 10.500.000,00 во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготвување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово и условно ја усвои, доколку до потпишување Министерството за финансии достави позитивно Мислење, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите за јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово, во вкупна вредност од 691.340,00 денари без ДДВ со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 41.340,00 денари во 2019 година и
- 650.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредната година, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготвување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница и условно ја усвои, доколку до потпишување Министерството за финансии достави позитивно Мислење, со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница, во вкупна вредност од 2.752.332,00 денари без ДДВ со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 152.322,00 денари во 2019 година,
- 2.600.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредната година, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготвување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Босилово и условно ја усвои, доколку до потпишување Министерството за финансии достави позитивно Мислење, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите за јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Босилово, во вкупна вредност од 2.254.192,00 денари без ДДВ со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 154.192,00 денари во 2019 година,
- 2.100.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготвување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 92

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година, со заклучок до потпишувањето на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 93

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 104 став (2) точка 3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 153/2019 и 180/2019), поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следното мислење:

Со член 104 став (2) точка 3) од Законот за здравствената заштита е утврдено дека за директор на јавна здравствена установа може да биде именувано лице кое покрај другите треба да го исполнува и условот „3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;".

Согласно Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/2010), VI Б нивото во Националната рамка на високообразовните квалификации е соодветно на I циклус на студии, универзитетски студии 180 кредити односно стручни студии 180 кредити, односно на нивото 6 во Европската рамка на високообразовни квалификации, додека соодветно на 240 ЕКТС е VI А нивото во Националната рамка на високообразовните квалификации.
Треба да се има во предвид дека цитираната законска одредба најпрвин определува услов од најмалку 240 ЕКТС, а одредбата во делот „односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации" служи само за поврзување на условот од најмалку 240 ЕКТС со нивото од Националната рамка на високообразовните квалификации, а согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации - VI Б нивото во Националната рамка на високообразовните квалификации е соодветно на I циклус на студии, универзитетски студии 180 кредити односно стручни студии 180 кредити, односно на нивото 6 во Европската рамка на високообразовни квалификации.
Согласно претходното, Владата на Република Северна Македонија предлага Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на одредбата од член 104 став (2) точка 3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 153/2019 и 180/2019) и истата треба да се толкува така што условот од најмалку 240 ЕКТС да се однесува соодветно на најмалку VI А ниво, согласно Националната рамка на високообразовните квалификации.

**Точка 94**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија на домашниот финансиски пазар за рефинансирање на дел од долгорочен кредит кој доспева во јануари 2020 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ја започне и спроведе постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на Договор за заем со домашните комерцијални банки.

**Точка 96**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-одлука за купување и адаптација на простор во новото седиште на НАТО во Брисел за потребите на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО, за седницата на Владата што ќе се одржи на 6 ноември 2019 година.

Точка 97

Владата ја разгледа Информацијата за подготовки на Четвртиот министерски форум за културна соработка меѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа (17+1), во Скопје од 24 до 26 ноември 2019 година, со текст на Скопската декларација и План за културна соработка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Скопската декларација за културна соработка (2020-2021) помеѓу НР Кина и земјите од Централна и Источна Европа и Планот за културна соработка помеѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа за периодот 2020-2021 година.
2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Секторот за односи со јавност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземат сите потребни активности во нивна надлежност и да ги покријат трошоците што произлегуваат од активностите што се од нивна надлежност.
3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Секторот за односи со јавност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 10 ноември да номинираат лице кое ќе биде непосредно и активно вклучено во реализација на сите активности во време на одржување на Форумот.

Точка 98

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Драги Рашковски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Зоран Заев**